Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весникна РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а согласно Програма Г1 програма за поддршка на локален економски развој од Буџетот на општина Охрид за 2025 година, точка 2.2 – Финансиска поддршка за Стартап компании, Градоначалникот на општина Охрид Кирил Пецаков, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПОДДРШКА НА ТРИ ПРВОИЗБРАНИ ТИМОВИ ЗА НАЈДОБРО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДИГИТАЛНИ АЛАТКИ - МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА ЗА ТУРИСТИЧКА ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 08 - Р540/1
26.06 2025 год
Охрид

**Член 1**

**(1) Со овој правилник се пропишува начинот и видот на финансиската поддршка на три првоизбрани тимови за изработка на апликација за туристичка промоција на Охрид** согласно мерка 2.2. – Финансиска поддшка за Стартап компании од Г1 програмата за поддршка на Локален економски развој за 2025 година за поддршка на три првоизбрани тимови за изработка на дигитални алатки – мобилна апликација за туристичка промоција на Охрид.

(2) Право на учество и право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Охрид согласно овој правилник имаат поединци организирани во тимови 3-5 лица, од кои едно лице мора да биде невработено, со место на живеење во општина Охрид, кое понатаму би било носител на ново формираната компанијата.

(3) Оваа мерка предвидува изработка на дигитални алатки за туристичка промоција на Охрид, кој ќе биде објавен на веб страната на општината.

(4) Место на оддржување на активностите е Касарна Хаб.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од член 1 на овој правилник се обезбедени од Буџетот на општина Охрид, Програма за Локален економски развој за 2025 година во вкупен износ од 1.000.000,00 денари.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат како финансиска поддршка за најдобрите три тима за изработка на дигитални алатки - мобилна апликација за туристичка промоција на Охрид во програмски јазик Kotlin, наменето за користење на андроид оперативен сервер.

(3) Општина Охрид со прворангираниот тим ќе склучи договор во кој ќе бидат наведени сите детали за понатамошна исплата и начин на соработка.

(3) Општина Охрид средствата ќе ги исплати по завршувањето односно изборот на трите прворангирани тимови.

(4) Општината го задржува правото да не ги исплати сите финансиски средства доколку нема доволно квалитетни изработки на дигитални алатки за мобилна апликација за туристичка промоција на Охрид.

**Член 3**
**Начин на пријавување на Јавниот повик**

(1) Општина Охрид ќе објави Јавен повик за изработка на дигитални алатки за туристичка промоција на Охрид, кој ќе биде објавен на веб страната на општината.

Целта на овој јавен повик е изработка на современа мобилна апликација за Android платформа, со цел унапредување на туристичката понуда и промоција на градот Охрид и неговите културни, природни и историски вредности. Апликацијата ќе претставува адаптација и надградба на постоечката веб страница www.visitohrid.com.mk, трансформирана во функционална, интуитивна и лесна за користење мобилна алатка, наменета пред сè за туристите и посетителите на Охрид. По завршувањето на јавниот повик, на транспарентен начин преку комисија задолжена за евалуација ќе биде извршен избор на најдобри и најадекватни 3 пријавени тимови.

Тимовите треба да бидат составени од 3-5 лица, од кои најмалку едно лице треба да биде невработено, со место на живеење во Охрид, со тоа што, истото лице во прворангираниот тим ќе треба да биде носител на правниот субјект кој ќе се формира како финален производ на оваа активност.

За изработката на Јавниот повик како и за спроведување на оваа активност општина Охрид ангажира 7 лица (2 лица за организација, 2 лица за менторство – експерти за програмирање и ux/ui, 1 лице за маркетинг, 1 лице за дизајн и 1 лице за контакт) преку Авторска агенција кои ќе имаат за задача организација, менторство, следење и реализација на активностите, а дел ќе бидат вклучени и во комисијата за евалуација на пристигнатите барања.

Постапката ќе започне со објавување на јавниот повик, кој ќе трае 30 денови од денот на објава на повикот. По завршувањето на повикот следува имплементација на Фаза 1.

Секој тим за пријавување потребно е да достави:

- Предлог идеја со фигма фајл - секој фигма фајл треба да се достави во времетраење од 24 часа пред завршување на јавниот повик. Сите потребни елементи се доставуваат на емаил адресата gjokoapostolov@ohrid.gov.mk,
- Основни податоци за членовите на тимот со CV за сите лица од тимот кои аплицираат на јавниот повик,
- Копија од трансакциска сметка на лицето што е подносител на апликацијата (невработено лице),
- Фотокопија од лична карта .

Прифатливи за субвенционирање ќе бидат само барањата кои ќе бидат доставени во рок од максимум 30 дена по објавување на јавниот повик со комплетна документација и кои ги исполнуваат условите од јавниот повик.

Комисијата надлежна за спроведување на постапката ќе достави предлог листа на прифатени апликации за субвенционирање до Градоначалникот на општина Охрид.

Горенаведената документација целосно пополнета се доставува во 1 оригинален примерок во архивата на општина Охрид, секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот или по пошта на адреса ул. Димитар Влахов бр. 57, 6000 Охрид.
Ненавремена и нецелосна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

## Член 4 – Постапка за избор

Постапката за избор на победничкиот тим кој ќе продолжи кон основање на компанија и развој на мобилна апликација се одвива низ четири структуирани фази:

**Фаза 1: Аплицирање и прелиминарна селекција**
Цел: Да се изврши евалуација на пристигнатите пријави и да се селектираат 10 најдобри тимови кои ќе продолжат во натпреварувачкиот процес.

Активности:

- Јавен повик за пријавување со задолжителни документи приложени во член 3.
- Административна и техничка проверка на валидноста на пријавите.
- Селекција на топ 10 тимови од страна на стручно жири (во согласност со утврдени критериуми).
- Објавување на избраните 10 тимови кои преминуваат во фаза 2.

**Фаза 2: Презентирање во живо и избор на финални тимови**
Цел: Ќе се изврши натпреварувачка презентација на 10-те избрани тимови преку 5 минутна презентација и 5 минути прашања и ќе се селектираат 3 најперспективни идеи.

Активности:
Тимовите се обврзани да достават:

- PowerPoint презентација најдоцна 24 часа пред Figma DemoDay
- Едногодишен план за развој на апликацијата, кој вклучува:
    - Маркетинг стратегија и имплементација - како ќе биде промовирана
- Очекувани придобивки за туризмот во Охрид - Што се очекува градот да добие со изработка на оваа апликација
- Функционалности - Што се ќе биде вклучено во апликацијата (Мапа, настани, сместување, ресторани, музејски тури, резервации, offline mode и сл.)

По доставувањето на овие елементи, следува организација на настан за презентација во живо:

- Формат: 5 минути презентација + 5 минути прашања од жири
- Локација: физички настан во договор со Општината
- Жирито избира 3 тима кои продолжуваат во третата фаза

**Фаза 3: Менторство и финален избор**
Цел: Да се развијат полирани и функционални верзии на апликацијата од страна на финалните тимови, под менторство на експерти, и да се избере победничката апликација.

Активности:

- Работа со ментори (UI/UX, tech, туризам) во период од 3 месеци

- Апликацијата задолжително се развива во програмски јазик Kotlin
- Редовна техничка и програмска проверка на прогресот
- Финален Demo Day со презентации на завршените апликации
- Стручно жири го прави финалниот избор на победникот
- Победничкиот тим доставува финална документација, изјава за авторски права и декларација за основање на компанија

**Фаза 4: Основање на стартап и реализација**
Цел: Да се обезбеди одржливост и реална имплементација на апликацијата преку основање на правно лице (стартап).

Активности:

Победничкиот тим е обврзан да формира стартап компанија со седиште во Охрид во рок од 30 дена од доделувањето на наградата

Пренос на правата за користење на апликацијата кон новоформираниот стартап

Развивање на план за одржување, ажурирање и промоција на апликацијата

Поддршка од Општина Охрид за вклучување на апликацијата во туристичките канали и активности

Промоција на апликацијата и стартапот како пример за локална дигитална иновација

## Член 5

## Критериуми за избор на сите 3 фази

(1) Пријавите ќе ги разгледува стручна комисија составена од 5 лица (формирана од страна на Градоначалникот на опптина Охрид), составена од:
- 2 ментори кои ќе работаат со тимовите,
- 1 лице вработено во Сектор за ТЛЕР при општина Охрид
- 1 лице вработено во ИТ Сектор при општина Охрид
- 1 лице од организаторот.

(2) Евалуацијата на пристигнатите предлози ќе се одвива на следниов начин:
Секој член на жирито ќе има по едно прашање по секоја фаза и ќе носи по 5 поени.

**Критериуми за евалуација на апликациите – Фаза 1**

| | |
|---|---|
| 1. Релевантност на идејата за туристичката промоција на Охрид (1-5) поени<br><br>Дали предложената апликација се однесува на вистински потреби поврзани со туризмот во Охрид?<br><br>Дали идејата има потенцијал да го подобри искуството на туристите? | |
| 2. Капацитет и посветеност на тимот (1-5) поени<br><br>Дали членовите на тимот имаат комплементарни вештини (дизајн, девелопмент, комуникација)?<br><br>Колку е јасно изразена мотивацијата и визијата на тимот? | |
| 3. Креативност и оригиналност на концептот (1-5) поени<br><br>Дали идејата е иновативна и се разликува од постојните решенија?<br><br>Колку е уникатен пристапот на тимот? | |
| 4. Квалитет на Figma прототипот (UI/UX) (1-5) поени<br><br>Дали интерфејсот е јасен, визуелно уреден и лесен за користење?<br><br>Дали прототипот покажува добра структура и логичен кориснички тек? | |
| 5. Техничка изводливост на идејата (1-5) поени<br><br>Дали апликацијата е реално развиена во дадениот временски период и во предвидениот буџет?<br><br>Дали тимот има соодветни технички капацитети? | |
| Вкупен број на поени е 25 | |

**Фаза 2: Презентирање во живо и план за развој**

| | |
|---|---|
| 1. Јасност и квалитет на презентацијата (1-5) поени<br><br>Дали тимот јасно ја објаснува идејата и целта на апликацијата?<br><br>Дали презентацијата е структурирана, концизна и визуелно уредена? | |
| 2. Квалитет и деталност на едногодишниот план за развој (1-5) поени<br><br>Дали планот содржи фази на развој, техничка рамка, активности и ресурси?<br><br>Дали се реални временските рокови и задачите? | |
| 3. Импакт врз туристичката промоција на Охрид (1-5) поени<br><br>Дали апликацијата има јасна целна група (туристи, локални посетители)?<br><br>Како идејата го унапредува туристичкиот имиџ на Охрид? | |
| 4. Функционалност на решението (1-5) поени<br><br>Дали решението користи нов пристап, технологија или функција?<br><br>Колку е интуитивно и корисно за крајниот корисник? | |
| 5. Комуникациски вештини и способност за одговор на прашања (1-5) поени<br><br>Како тимот одговара на прашањата од жирито?<br><br>Дали покажуваат разбирање за проблемот и сопствената идеја? | |
| Вкупен број на поени е 25 | |

**Фаза 3: Развој со ментори и финална презентација**

| | |
|---|---|
| 1. Стратегија за долгорочно одржување и ажурирање на апликацијата (1-5) поени<br><br>Дали тимот размислува за техничка поддршка, нови функции и стабилност по првата година?<br><br>Колку е одржлив предлогот без дополнителна надворешна поддршка? | |
| 2. Визија за бизнис модел или социјален импакт (1-5) поени<br><br>Дали тимот размислува за начини на финансирање, монетизација или јавна корист?<br><br>Дали има план како апликацијата ќе биде самоодржлива (финансиски или функционално)? | |
| 3. Техничка изведба и стабилност на апликацијата (1-5) поени<br><br>Дали апликацијата функционира технички стабилно и без критични грешки?<br><br>Дали се користени добри практики во развојот и структуриран код (Kotlin)? | |
| 4. Корисничко искуство (UX) и интерфејс (UI) (1-5) поени<br><br>Дали апликацијата е интуитивна и лесна за користење?<br><br>Дали изгледот е доследен, професионален и прилагоден за туристи? | |
| 5. Функционалност и карактеристики (1-5) поени<br><br>Колку од планираните функции се реализирани и функционални?<br><br>Дали постојат додадени вредности како интерактивни мапи, настани, резервации, водичи и сл.? | |
| Вкупен број на поени е 25 | |

Постапката за избор се спроведува во три фази: аплицирање, презентација, развој со ментори и финална одлука за победнички тим избран од топ 3. Секој чекор е структуриран со јасни критериуми за евалуација, транспарентна селекција и стручна поддршка. Целта е создавање иновативна и функционална апликација за туристичка промоција на Охрид, која ќе продолжи да се развива преку новоформиран локален стартап.

**Член 6**
**Реализација на акитвноста и начин на исплата**

По завршувањето односно по изборот на прворангираниот тим, следува процесот на формирање на правен субјект со назначеното лице во пријавата на прворангираниот тим:

- тимот (лицето) кои се прворангирани треба во рок од 15 работни денови да регистрираат фирма во ЦР на РСМ, со „претежна дејност - Компјутерска инфраструктура, обработка на податоци, серверски услуги и сродни дејности"
- Средствата за регистрација и основачки влог ќе бидат распределени на сметката на лицето - носител/управител на новоформираната фирма. Истите треба да се искористат за регистрација на фирма и основачкиот влог кој треба да биде прикажан преку набавка на средтсва и опрема неопходни за отварање на фирма. Реализацијата на оваа активност треба да биде усогласена со општина Охрид, односно, лицето кое ќе го формира стопанскиот субјект, најпрво треба да поднесе барање до општина Охрид со список на добра кои ќе бидат набавени во функција на основачки влог. По нивното одобрување, лицето треба истите да ги набави во рок од 30 денови и да ги прикаже како основачки влог. За истите треба да достави и финансова документација на увид до општина Охрид - Сектор за ТЛЕР. По одобрувањето на финансовата документација, ќе може да ги пријави во ЦР во процесот на формирање на правен субјект. Рокот за формирање на правен субјект по набавката на добрата за основачки влог ќе биде 15 денови.
- Доколку правниот субјект не биде регистриран во предвидениот рок, општина Охрид има право да побара повраток на средствата за таа намена.
- По формирањето на правниот субјект, согласно Договорот ќе бидат исплатени средствата за трошоци за покривање на придонеси на 1 вработено лице – (вработено со минимална плата во времетраење од 12 месеци), односно 81.610 денари.
- Исто така на ново формираниот правен субјект ќе му биде исплатена и Награда.
- На второ и трето рангираниот тим, Наградите ќе бидат исплатени на физичко лице - Лидер на тимот.

- мобилната апликација да биде сопственост на општина Охрид

**Член 7**
**Износ на финансиска поддршка и начин на искористување на финансиските средства од страна на тимовите**

Финансиската подршка ќе се додели на 3 прворизбрани тимови во кој ќе бидат вклучени 3-5 лица за реализација на оваа активност и тоа:

1. *Прворангираниот тим*

- Еднократна награда од 140.000,00 денари

- На прворангираниот тим покрај финансиските средства ќе му се доделат и дополнителни средства за основање на правен субјект со претежна дејност Компјутерска инфраструктура, обработка на податоци, серверски услуги и сродни дејности – трошоци за регистрација во ЦР на РСМ, трошоци за основен влог за регистрација на фирма кој мора да бидат во опрема во износ од 5000е (односно 5555е со вклучен персонален данок) сметано по среден курс на денот на исплата, како и трошоци за покривање на придонеси на 1 лице – вработено со минимална плата во времетраење од 12 месеци, односно 81.610 денари, како и опремен канцелариски простор во просториите на поранешна касарна – Касарна Хаб во времетраење од 1 година од изборот.

2. *Второрангиран тим*

- еднократна награда од 110.000,00 денари

3. *Треторангиран тим*

- Еднократна награда од 70.000,00 денари

**Начин на остварување на правото на надоместок**

Времетраењето на јавниот повик е од денот на објава на јавниот повик и ќе трае 30 дена од денот на неговото објавување.

(1)Градоначалникот на општина Охрид врз основа на Предлогот на комисијата носи решение за одобрување или одбивање на Барањата на апликантите односно тимовите за изработка на најдобро решение за избор на дигитални алатки – мобилна апликација за туристича промоција на Охрид

(2) Комисијата ги известува барателите кои не ги исполниле условите согласно Јавниот повик за одбивање на барањето.

(3) Документите кои ќе бидат доставени имаат важност на чување од 3 години.

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила од денот на потпишување од страна на Градоначалникот на општина Охрид.

**Изготвил:** Соработник - Стефан Здравевски

**Контролирал:** Советник - Ѓорѓи Трпески

**Одобрил:** Раководител на одделение за ЛЕР - М-р Симе Стефановски

**ОПШТИНА ОХРИД**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Кирил Пецаков

Република Северна Македонија
Градоначалник на општина
ОХРИД

**ПРИЈАВА**

**за користење финансиски средства за изработка на дигитални алатки – мобилна апликација за туристичка промоција на Охрид**

**ПРИЈАВАТА ЈА ПОПОЛНУВА ПОДНОСИТЕЛОТ СО ПЕЧАТНИ БУКВИ**

Име и Презиме на барателот

______________________________________________

Адреса на живеење(улица и број): ______________________________

Општина:________________________

ЕМБГ на физичкиот субјект:________________

Телефонски број:________________

Емаил Адреса:________________

**Кон Апликацијата ги приложувам следните документи:**

- Секој тим за пријавување потребно е да достави:
- Предлог идеја со фигма фајл - секој фигма фајл треба да се достави во времетрање од 24 часа пред завршување на јавниот повик.
- Копија од трансакциска сметка на лицето што е подносител на апликацијата ( невработено лице )
- Физичко лице над 18 години со фотокопија од лична карта
- CV од целиот тим кои аплицираат на јавниот повик
- Основни податоци за членовите на тимот

***Изјава: Изјавувам дека сум согласен моите лични податоци да се користат за потребите на општина Охрид во постапката за решавање на предметот.***

**Датум:_________________**
**Место:__________________Подносител:_____________**

**Напомена: Во предвид ќе се земат целосно пополнети пријави со приложена комплетна документација.**